ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:18-131/13**

**Дата:** 06.12.2011

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за транспорт и врски (во натамошниот текст: МТВ) на сметката на основниот буџет (637) за 2010 година.

Во претходниот период е извршена ревизија на финансиските извештаи и на наменското и законското користење на средствата на МТВ за 2007 година, при што е изразено воздржување од давање на мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за наменското и законското користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи е изразено негативно мислење.

Со ревизијата за 2010 година беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е констатиран значаен напредок во имплементацијата на препораките. Од вкупно 13 препораки дадени во конечниот извештај за 2007 година, од страна на МТВ се спроведени 9 препораки, 2 препораки се делумно спроведени, а спроведувањето на останатите 2 препораки било неприменливо.

Врз основа на резултатите од ревизијата за 2010 година, ние изразивме негативно мислење за реалноста и објективноста на билансот на состојба и мислење без резерва за резултатот од финансиските активности, додека за усогласеност со релевантната регулатива изразивме мислење со резерва.

За тековната година утврдивме недостатоци и пропусти, кои се однесуваат на:

- постапката за набавка на 100 новопроизведени еднонодни автобуси. Договорниот орган исплатил 10% од вредноста на договорот (без ДДВ) како авансно плаќање, во кое е вклучена и царинска давачка од 1%. Со оглед дека царинската стапка на производите од земјата на најповолно избраниот понудувач е укината на 1.01.2010 година, по укажување на ревизијата, склучен е анекс кон договорот и извршено е коригирање на вкупната вредност на договорот (точка 4.1.1.);
- неспроведено административно извршување на актите од страна на Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво заради наплата на реалните трошоци направени за отстранување на градби без одобрение (точка 4.1.2.);
- неуверување во целосноста и точноста на искажаните обврски во билансот на состојба на МТВ (точка 4.1.3.), поради: (1) неевидентирање на програмски активности реализирани во 2009 година, а буџетирани и платени во 2010 година; (2) евидентирање на обврски во износ на расположливите средства во моментот на плаќањето, а не врз основа на вкупниот износ на сметководствените документи (фактури), и (3) неправилно сметководствено евидентирање на цесиите како инструмент за плаќање и реализирање на програмата за капитални дотации до ЕЛС, и
- недоследности во спроведувањето на пописот (точка 4.1.4.), кои се должат на: користење на помала сметководствена вредност на обврските и краткорочните побарувања од вработените и нецелосно опфаќање на обврските спрема добавувачите од странство и спрема добавувачи-граѓани.

Исто така, утврдивме недоследности во спроведувањето на постапките за јавни набавки (точка 4.2.) и тоа во следните случаи:

- непрецизно утврдување на условот за техничка, односно професионална способност на консултантскиот тим за вршење на постојан и редовен надзор на начинот на вршењето на концесиската дејност и реализацијата на склучениот Договор за концесија за развој, финансирање, користење и одржување на Аеродромот „Александар Велики“ - Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле“-Охрид, како и градба на нов карго-аеродром, склучен меѓу Владата на РМ и концесионерот;
- пречекорувања на преземените договорни обврски во однос на времето на испорака при реализацијата на договорот за јавна набавка на 4 учебници на македонски јазик од реномирани странски автори, и

- спроведување на постапки за јавни набавки, без валиден доказ дека подизведувачите им ги ставаат на располагање на најповолно избраните понудувачи соодветните технички и професионални ресурси.

Со исклучок на препораките кои беа спроведени во текот на извршувањето на ревизијата, ревизијата предлага МТВ:

- да воспостави конзистентен сметководствен систем со цел точно, сеопфатно и ажурно искажување на состојбата на обврските во билансот на состојба;
- при спроведувањето на постапките за јавни набавки, прецизно да ги дефинира минималните услови, кои економските оператори треба да ги исполнуваат за да се квалификуваат, и
- да обезбеди следење на договорите во поглед на рокот на испорака на предметот на набавка.

Обрнуваме внимание дека МТВ се јавува во својство на тужена страна по разни основи во 54 поведени судски постапки, врз основа на кои од МТВ се побарува вкупна вредност од 3.458.168 илјади денари. Истовремено, МТВ се јавува во својство на тужител во 21 судска постапка, во кои побарува вкупна вредност од 47.643 илјади денари.

Ревизијата констатира системска слабост во постапката за јавна набавка на едноподни автобуси, во која учествувале економски оператори од странство. Комисијата за јавни набавки извршила евалуација на понудените цени со царински давачки и со примена на критериумот најниска цена за доделување на договор за јавна набавка, го избрала најповолниот понудувач. Иако Република Македонија применувала различни царински стапки за увозот на добра од трите земји, тоа не влијаело врз изборот на најповолниот понудувач. Со оглед дека висината на царинските стапки може да влијае врз изборот на најповолно избраниот понудувач, ревизијата препорачува Бирото за јавни набавки да го допрецизира делот поврзан со царинските давачки кој влијае на цената на понудата при увоз на стоки и работи.

Од страна на законскиот застапник на министерството добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на констатациите искажани во Нацрт извештајот, освен за наодот од точката 4.1.3. за кој субјектот достави дополнителна документација за постапување по препораката.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 21 до 23 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за транспорт и врски - сметка на основен буџет, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 19 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 став 2 од Законот за државна ревизија.

1.3. Во претходниот период е извршена ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи на Министерството за транспорт и врски за 2007 година и е изразено воздржување од давање на мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, додека за наменското и законско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи е изразено негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски од 28.07.2008 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола, која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи, кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот, исто така, е одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува и извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството за транспорт и врски се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка, составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ), кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, кои ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од

ревизорската процена, вклучително и процената на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата, исто така, вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2011 година до 15.07.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на Овластениот државен ревизор (во натамошниот текст: ОДР) за 2007 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог бр. 1 кој е составен дел на овој извештај.

**Табела бр. 1. Статус на препораките на денот на вршењето на ревизијата**

| Статус на препораките на денот на вршењето на ревизијата | **2007 година** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **Во проценти** |
| Спроведени | 9 | 69,2% |
| Делумно спроведени | 2 | 15,4% |
| Препораки кои веќе не можат да се спроведат (неприменливи) | 2 | 15,4% |
| **Вкупно** | **13** | **100%** |

Од вкупно 13 препораки дадени во конечниот извештај на ОДР за 2007 година, од страна на МТВ се спроведени 9 препораки, 2 препораки се делумно спроведени, а преостанатите 2 препораки се неприменливи (Табела бр. 1).

Наведеното укажува дека од страна на МТВ е направен значителен напредок во имплементацијата на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР од 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 25.08.2011 година.

На ден 11.11.2011 година со допис број 02-13398 од 10.11.2011 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 18-131/5 од 10.10.2011 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на констатациите искажани во Нацрт извештајот, освен за наодот од точката 4.1.3. за кој субјектот достави дополнителна документација за постапување по препораката. Поради тоа точката 4.1.3. во Конечниот извештај се дополнува со нов пасус за преземените мерки.

## 4.1. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

**4.1.1.** Во однос на констатираната системска слабост во точка 6.1. од овој извештај, а поврзано со постапката за јавна набавка на новопроизведени едноподни автобуси, МТВ како договорен орган склучило договор со најповолно избраниот понудувач бр. 46 - 36/2 на 12.02.2010 година.

На датумот на евалуација на понудите, Република Македонија имала пропишана царинска стапка од 1% на увозот од земјата на најповолно избраниот понудувач. Почнувајќи од 1.01.2010 година, согласно Договорот за слободна трговија со земјата на понудувачот, РМ воведува целосна трговска либерализација и применува нулта царинска стапка при увозот на стоки.

При склучувањето на договорот, договорниот орган истото не го зема предвид и го склучува со вкупна цена (и вклучена царинска давачка од 1%) за набавка на 84 новопроизведени автобуси (ЦИП локација Скопје) на износ од 659.236 илјади денари без ДДВ. Договорните страни предвиделе фиксна цена за времетраењето на договорот, а царината и ДДВ да ги плаќа МТВ при секоја сукцесивна испорака од земјата на понудувачот.

Во 2010 година, согласно наведениот договор, МТВ исплатило 10% од вредноста на договорот без ДДВ како авансно плаќање (обезбедено со банкарска гаранција од страна на понудувачот) во износ од 65.924 илјади денари, кое вклучува и царина од 1%. Поради тоа, погрешно се исплатени 659

илјади денари како царинска давачка, што во 2011 година влијаело и врз основицата за пресметување на ДДВ, кога се испорачани првите автобуси.

Ревизијата не дава препорака по наведениот наод, бидејќи за времетраење на фазата на извршување на ревизијата, МТВ се обрати со писмо до избраниот понудувач, со барање да изврши коригирање на вкупната вредност на договорот за износот на царината. Со согласност на понудувачот, склучен е Анекс кон договорот бр. 02-7635/2 од 2.06.2011 година. Исто така, со фактурата за плаќање на првата сукцесивна испорака во 2011 година извршено е анулирање на повеќе исплатениот аванс во 2010 година.

4.1.2. Во 2010 година, министерот за транспорт и врски на предлог на градежниот инспектор при Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво (во натамошниот текст: ДИУГ) донел решенија за преземање на работите од надлежност на овластениот градежен инспектор при ЕЛС за 5 конкретни предмети. За истите е утврдено неизвршување на работите, согласно барањата на Законот за градење. Градежниот инспектор при ДИУГ донел решенија со кои ги обврзал инвеститорите да ги отстранат градбите, поради немање одобрение за градење. Со оглед дека истите не се отстранети од страна на инвеститорите во определениот рок, спроведено е присилно административно извршување на актите од страна на ДИУГ, за што се направени расходи во вкупен износ од 1.391 илјади денари (вклучувајќи и расходи за извршена асистенција од страна на Министерството за внатрешни работи). Од страна на Инспекторатот се изготвени и доставени заклучоци до инвеститорите за надомест на направените трошоци за извршување на решенијата. Ревизијата констатира дека истите не се надоместени, со образложение дека за нив инвеститорите изјавиле жалби. Со увид во содржината на заклучоците, ревизијата констатира дека жалбата не требало да го одложи извршувањето на заклучокот, бидејќи согласно член 121 став 3 од Законот за општа управна постапка, заклучокот претставува основа за извршување.

Иако инвеститорите не ги надоместиле реалните трошоци за уривањето, МТВ не ги спровело управните акти до Управата за јавни приходи заради присилна наплата на трошоците направени при извршувањето на истите. Наведеното не е во согласност со член 4 став 4 од Законот за Управата за јавни приходи, според кој: „Управата за јавни приходи го управува и извршувањето заради наплата на трошоците изречени во управните постапки во корист на РМ“.

Освен тоа, согласно член 145 од Законот за градење во случај кога градежниот инспектор при ДИУГ презема работи од овластениот градежен инспектор при

ЕЛС, истите ги врши за сметка на општината и треба да се на товар на Буџетот на општината.

Ревизијата не дава препорака по наведената состојба со оглед дека ДИУГ како орган во состав на МТВ со допис бр. 39-461 од 27.06.2011 година ги доставило управните акти/постапки до Управата за јавни приходи заради нивно извршување.

Во иднина, во случај кога градежниот инспектор при ДИУГ ќе врши преземање на работите од овластениот градежен инспектор при ЕЛС, поради непридржување кон Законот за градење, МТВ да ги извршува актите на трошок на Буџетот на општината.

**Биланс на состојба**

**4.1.3.** На сметките Краткорочни обврски спрема добавувачи во земјата, обврски спрема добавувачи во странство и обврски спрема добавувачи – граѓани, со состојба на 1.01.2010 година, МТВ искажало обврски во износ од 29.810 илјади денари, а на 31.12.2010 година обврски во износ од 95.120 илјади денари.

Ревизијата изразува неуверување во целосноста и точноста на искажаните обврски на двата критични датуми, поради следното:

1. Сметководствено не се искажани обврски во износ од 164.247 илјади денари, констатирани од страна на ревизијата со детални тестови, за реализирани програмски активности во 2009 година, а кои се буџетирани и платени во 2010 година по следните основи:

- капитални дотации до ЕЛС во вкупен износ од 86.865 илјади денари;
- изработка на урбанистички планови и државна и локална урбанистичка планска документација во износ од 19.620 илјади денари;
- изградба на еднојажна жичарница за превоз на лица со кружен тек од средно Водно до Милениумски крст во износ од 48.120 илјади денари;
- изработка на Студија за сообраќајниот систем на Град Скопје во износ од 1.963 илјади денари, и
- изработка на физибилити студија за гасоводен систем на РМ во износ од 9.642 илјади денари.

2. Министерството воспоставило книга на влезни фактури како задолжителна помошна евиденција, но не обезбедило усогласување на сметководствената вредност на искажаните обврски со истата;

3. Ревизијата утврди случаи на евидентирање на обврски во износ на обезбедените (расположливите) средства во моментот на плаќањето, а не врз основа на вкупниот износ на сметководствените документи (фактури), и

4. Извршено е неправилно сметководствено евидентирање на пресметките (цесиите) како инструмент за плаќање за реализирање на програмата за Капитални дотации до ЕЛС. Имено, согласно договорите за цесија, МТВ како цезус – должник за реализирање на програмите им плаќа на изведувачите – цесионерите како примачи на побарувањата, кои пак, ЕЛС им ги отстапува како цедент. Наместо сметководствено да создаде евиденција кон ЕЛС и изведувачите, МТВ ја создава само кон изведувачот. Истото и' го оневозможи на ревизијата конфирмирањето на обврските на МТВ спрема ЕЛС, преку кои се реализира програмата.

Наведеното влијае врз точното, вистинито и целосно прикажување на обврските во билансот на состојба, како и на правилното извршување на пописот на обврските, кој се врши според состојбата во сметководството.

Во рокот за доставување на забелешки, субјектот со цел воспоставување на конзистентен сметководствен систем превзел активности за точно, вистинито, сеопфатно и ажурно искажување на состојбата на обврските во билансот на состојба преку донесување на Процедура за управување со финансиски документи и Упатство за сметководствено евидентирање на обврските за плаќање кон ЕЛС и изведувачите на работите.

**Препорака**: МТВ доследно да ги применува донесената Процедура и Упатство со цел точно, вистинито , сеопфатно и ажурно прикажување на обврските во билансот на состојба.

**4.1.4.**МТВ спровело попис со цел усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба на 31.12.2010 година.

Ревизијата констатира недоследности во спроведувањето на пописот во следните случаи:

- користена е неточна сметководствена вредност на обврските како основа за усогласување на истите, поради причините наведени во точката 4.1.3.;
- како основа за усогласување при пописот била користена помала сметководствена вредност на:
    - обврските за 1.893 илјади денари (сметководствената вредност на обврските на 31.12.2010 година изнесува 89.508 илјади денари, а вредноста што била основа за усогласување е 87.615 илјади денари);

  - o краткорочните побарувања од вработени за 750 илјади денари (сметководствената вредност на краткорочните побарувања од вработените на 31.12.2010 година, заедно од сметките на основниот буџет изнесува 828 илјади денари, а вредноста што била основа за усогласување е 78 илјади денари);
- Со пописот не се опфатени обврските спрема добавувачи од странство и обврските спрема добавувачи-граѓани со сметководствена вредност во износ од 5.611 илјади денари;
- Во книгата на капиталниот имот се внесени дотогаш неевидентирани основни средства со вредност од еден денар (набавени/донирани во минати години), без притоа да се процени нивната употребна вредност.

Наведеното не е во согласност со барањата, кои ги пропишува член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, во врска со пописот на средствата, обврските и побарувањата. Истото може да влијае врз објективното и реалното прикажување на вредноста на средствата, изворите на средствата, краткорочните побарувања од вработените, краткорочните обврски спрема добавувачите, како и на вредноста на материјалите на залиха искажани во билансот на состојба.

**Препорака:** При вршењето на пописот, МТВ да обезбеди:
- пописот на побарувањата и обврските да се врши според состојбата во сметководството, преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните износи;
- при пописот, Комисијата за попис на побарувањата и обврските: (1) да ја утврди правната основа за постоење на побарувањата и обврските, (2) да потврди дека состојбата на ненаплатените побарувања и преземените обврски се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција, (3) да се преземат мерки од одговорните лица за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години, и (4) да ги потврди причините за неизмирените обврски према добавувачите, и
- да ја процени употребната вредност на евидентираните основни средства од еден денар.

## 4.2. Користење на средства согласно Законот за јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на МТВ за 2010 година со Законот за јавни набавки, извршивме: (1) ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на

законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и (2) ревизија на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Притоа, утврдивме недоследности во следните случаи:

**Надзор за начинот на вршење на концесиската дејност**

4.2.1. Согласно Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство, Република Македонија како концедент врши постојан и редовен надзор за начинот на вршење на концесиската дејност и реализацијата на доделените договори за јавно/приватно партнерство.

Договорот за концесија за развој, финансирање, користење и одржување на Аеродромот „Александар Велики“ – Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид, како и за градба на нов карго – аеродром во Штип е потпишан помеѓу Владата на РМ и концесионерот на 24.09.2008 година, а стапил на сила на 1.03.2010 година.

Со Извадок од нацрт записникот од продолжението на 135-тата седница на Владата на РМ, одржана на 26.01.2010 година, издаден е заклучок со кој на МТВ му се одобрува спроведување на постапка за склучување на повеќегодишен договор во 2010 и 2011 година за јавна набавка на консултантски услуги за надзор на начинот на вршење на концесиската дејност. Постапувајќи по заклучокот, МТВ спровело отворена постапка (бр. 03/2010 година) за јавна набавка со предмет: ангажирање на консултантски тим за вршење на постојан и редовен надзор за начинот на вршење на концесиската дејност и реализацијата на Договорот за концесија со времетраење од две години. Како единствен критериум за доделување на договорот за јавна набавка, договорниот орган ја навел цената.

Со увид во извршувањето на постапката за јавна набавка до изборот на најповолниот понудувач, ревизијата утврди дека договорниот орган во тендерската документација во делот *критериуми за утврдување на способност* дефинирал два минимални услова, кои требало да ги исполнат економските оператори за да се квалификуваат како технички, односно професионално способни:

(1) најмалку три склучени договори за консултантски услуги за развој и трансформација во воздухопловниот сектор, со поединечна вредност не

помала од 500.000 ЕУР, од кои најмалку еден успешно реализиран договор за консултантски услуги, и

(2) поседување на искусни и компетентни членови на консултантскиот тим, составен од најмалку 6 членови и 1 координатор на тимот.

При тоа, МТВ не утврдило прецизни и јасни образовни и професионални квалификации, кои стручниот кадар на економскиот оператор (и особено лицата кои ќе бидат одговорни за давањето на конкретната услуга) треба да ги исполнат. Исто така, не дефинирало што се подразбира под „искуство на исти или слични проекти“.

Наведеното е причина од 10 доставени понуди на повикот, понудите на 7 економски оператори да бидат отфрлени како неприфатливи, поради неисполнување на минималните услови. Истото придонело за намалување на конкуренцијата во фазата на евалуација на понудите, што не е во согласност со еден од главните постулати на ЗЈН да се обезбеди конкуренција меѓу економските оператори.

Договорниот орган со најповолно избраниот понудувач склучил договор со вредност на предметот на договорот во износ од 71.455 илјади денари (со вклучен ДДВ).

Ревизијата смета за битно да истакне дека најповолниот понудувач бил избран и претходно, во постапка за јавна набавка во 2007 година со предмет - изработка на студија со концесиски модел за развој на Аеродромот „Александар Велики“ - Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле“ - Охрид и подготовка на тендерска документација за концесија, воспоставување критериуми за проценка, подготовка на нацрт концесиски договор и анимирање на концесионери со вредност на договорот од 489.078,00 ЕУР.

**Наслови од реномирани автори**

**4.2.2.** Врз основа на Решение бр. 43-2870 од 27.03.2009 година, МТВ спровело отворена постапка (деллива по наслови на учебници) за доделување на договор за јавна набавка на 4 книги – учебници на македонски јазик од странски автори во тираж од 1.000 примероци по наслов. Врз основа на критериумите за доделување на договор (цена и време на испорака), со најповолно избраните понудувачи (две издавачки куќи) на 06.08.2009 година склучило договори во вкупна вредност од 8.793 илјади денари (со вклучен ДДВ). По тој основ, во 2009 година се исплатени 6.408 илјади денари, а остатокот во износ од 2.385 илјади денари е исплатен во 2010 година.

При реализацијата на договорот со една од издавачките куќи, која била

избрана за превод и печатење на 3 наслови, ревизијата утврди значителни пречекорувања на преземените договорни обврски во однос на времето на испорака на учебниците. Имено, издавачката куќа со договорот се обврзала дека истите ќе ги испорача во рок од 1 месец од датумот на склучување на договорот, односно најдоцна до 06.09.2009 година, а истите ги испорачала со значително доцнење *(1 година и 18 дена за првиот наслов, 3 месеци и 18 дена за вториот наслов и 2 месеци и 18 дена за третиот наслов).*

Исто така, ревизијата утврди дека за насловот кој е испорачан со задоцнување од 1 година и 18 дена, договорниот орган не се обезбедил со банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот за целиот периодот на пречекорувањето.

Ревизијата утврди и значително пречекорување на рокот на испорака за други 2 наслова, избрани во отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на 38 книги – учебници на македонски јазик од странски автори во тираж од 1.000 примероци по наслов во 2008 година. Рокот за испорака бил еден од критериумите за доделување на договорот, врз основа на кој се исплатени 3.914 илјади денари во 2010 година.

Од тие причини, во нерамноправна положба се доведени понудувачите, кои понудиле реалистични (разумни) рокови, а не се избрани како најповолни.

**Користење на услуги на подизведувачи**

**4.2.3.** Во текот на 2009 и 2010 година, МТВ спровело отворени постапки за јавна набавка на: услуга за изработка на студија за сообраќајниот систем на Град Скопје со идејни проекти, како и за подготовка на основна техничка документација за кабинска еднојажна жичарница за превоз на лица со кружен тек на траса Скопје – Водно во три секции и изградба и пробно пуштање во употреба до издавање на употребна дозвола на секцијата Средно Водно – Милениумски крст. Со најповолно избраните понудувачи се склучени договори на износ од 23.120 илјади денари и 481.204 илјади денари, респективно.

Со увид во постапката до избор на најповолните понудувачи, ревизијата утврди дека:

- во тендерските документации за предметните набавки, договорниот орган побарал понудувачите да го наведат делот од договорот за јавна набавка, кој ќе го отстапат за извршување на подизведувачи. Понудувачот за првиот предмет на набавка навел дека потребните геотехнички истражувања и испитувања за изработка на студијата за сообраќајниот систем на Град Скопје ќе ги отстапи на подизведувач, додека вториот-градежните работи за изведба

на еднојажна жичарница.

Со оглед дека понудувачите докажувале дел од техничката и професионалната способност преку повикување на поддршка од други субјекти, согласно член 154 став 2 од Законот за јавни набавки, истите требало да достават и валиден доказ дека подизведувачите им ги ставаат на располагање соодветните технички и професионални ресурси. Наместо изјави од подизведувачите дека им ги ставаат на располагање ресурсите, понудувачите доставиле само информација за капацитетите на подизведувачите.

Спроведувањето на постапките за јавни набавки без валиден доказ од подизведувачите дека ќе обезбедат поддршка може да го доведе во прашање квалитетното извршување на договорот за јавни набавки, иако одговорноста за извршување на јавната набавка целосно паѓа на понудувачот.

**Препорака:**

При спроведувањето на постапките за јавни набавки, со цел остварување на конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договорите за јавна набавка, како и рационално и ефикасно искористување на средствата, МТВ:

- да дефинира минимални услови, кои економските оператори треба да ги исполнуваат за да се квалификуваат како технички и професионално способни и кои ќе бидат пропорционални со предметот на договорот за јавна набавка;
- да обезбеди следење на договорите во поглед на рокот на испорака на предметот на набавка, и
- при користење на услуги на подизведувачи да обезбеди валиден доказ дека истите му ги ставаат на располагање соодветните технички и професионални ресурси.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точките 4.1.3. и 4.1.4., а кои се однесуваат на неуверување во целосноста и точноста на искажаните обврски во билансот на состојба на МТВ, како и недоследности во спроведувањето на пописот на средствата и пописот на побарувањата и обврските за 2010 година, ревизијата изразува негативно мислење за билансот на состојба на МТВ на сметката на основен буџет на ден 31 декември 2010 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1., билансот на состојба не ги прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на МТВ на сметката на основен буџет на ден 31 декември 2010 година, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, е во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со законите и прописите

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за транспорт и врски – Сметка на основен буџет, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

### Прифатени и коригирани неправилности во билансот на состојба од страна на МТВ во текот на ревизијата

Во фазата на извршување на ревизијата, по укажување од страна на ревизорскиот тим, МТВ спроведе корекции во деловните книги, кои имаат за ефект зголемување на вкупната актива и пасива во билансот на состојба на 31.12.2010 година за 572.084 илјади денари. Исправките се спроведени со следните налози за книжење: 070001 од 23.05.2011 година; 070002 од 21.06.2011 година; 070003 од 27.06.2011 година и 070004 од 28.06.2011 година и се однесуваат на следните позиции:

- *000-Основачки издатоци* на која се евидентирани набавени идејни решенија за: Хотел – Градска куќа, Хотел – Мал ринг и Управна зграда на МТВ, сите во вкупен износ од 853 илјади денари;
- *003-Други нематеријални права*, на која се евидентирани набавените/ донираните софтверски решенија за потребите на министерството во вкупен износ од 4.922 илјади денари;
- *022-Опрема*, на која е извршено намалување на износ од 1.865 илјади денари за погрешно евидентирани софтверски решенија;

- *026-Аванси за материјални средства*, на која се евидентирани авансните плаќања за купување на моторни возила – автобуси за јавен градски превоз во вкупен износ од 285.142 илјади денари;
- *030-Материјални средства во подготовка*, на која се евидентирани инвестициите во тек за следните проекти кои се реализираат преку МТВ: изработка на студија за сообраќајниот систем на Град Скопје; изработка на физибилити студија за гасоводен систем на РМ со идеен проект; изработка на основна техничка документација за кабинска еднојажна жичарница за превоз на лица со кружен тек на траса Скопје - Водно во три секции и изградба и пробно пуштање во употреба до издавање на употребна дозвола за секција 1 - Средно водно до Милениумски крст; Изградба на пешачки патеки околу езерата во општините: Дојран, Велес, Маврово–Ростуше и Крушево; санација на пристаниште во општината Охрид, сите во вкупен износ од 283.032 илјади денари.

## 6. Системски слабости

Ревизијата констатира состојба која е надвор од контрола на субјектот поради нерегулирање на третманот на царинските давачки во Законот за јавни набавки. Имено, МТВ спровело отворена постапка за набавка на 100 новопроизведени еднoподни автобуси (80 соло, 4 зглобни и 16 минибуси за градски превоз), постапувајќи по Заклучок на Владата на РМ. Со заклучокот, Владата на РМ одобрува МТВ да отпочне постапка за склучување на повеќегодишен договор (во 2010, 2011, 2012 и 2013 година) за јавна набавка на вкупно 100 новопроизведени еднoподни автобуси.

Договорниот орган дефинирал во тендерската документација во делот *цена на понудата* дека економските оператори се должни со понудата да доставaт единечна цена и вкупна цена (ЦИП локација Скопје) за предметот на договорот за јавна набавка, односно цена во која ќе бидат пресметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата (вклучувајќи и царински давачки) без ДДВ.

Понуди доставиле три економски оператори, секој од различна земја. Во моментот на приемот на понудите, Република Македонија применувала различни царински стапки на увозот од домицилните земји на понудувачите (1%, 4% и 10 %). КЈН извршила евалуација на понудените цени со царински давачки и со примена на критериумот *најниска цена* за доделување на договорот за јавна набавка, го избрала најповолниот понудувач. Иако Република Македонија применувала различни царински стапки за увозот на

добра од трите земји, тоа не влијаело врз изборот на најповолниот понудувач. Дури и при претпоставени исти царински стапки, понудата на избраниот производител била најповолна.

Со оглед дека висината на царинските стапки може да влијае врз изборот на најповолно избраниот понудувач, ревизијата препорачува Бирото за јавни набавки да го допрецизира делот поврзан со царинските давачки кој влијае на цената на понудата при увоз на стоки и работи.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

7.1. Обрнуваме внимание дека МТВ се јавува во својство на тужена страна по разни основи во 54 поведени судски постапки, врз основа на кои од него се побарува вкупна вредност од 3.458.168 илјади денари. Истовремено, МТВ се јавува во својство на тужител во 21 судска постапка, во кои побарува вкупна вредност од 47.643 илјади денари. Согласно член 12 и 14 од Законот за државно правобранителство, МТВ доставило податоци, докази и информации до државното правобранителство заради правна заштита на имотните права и интереси на РМ, за постапување по конкретни предмети. Со увид во прегледот на судските постапки, ревизијата ги констатира следните основи на предмети:

*Судски предмети во кои МТВ се јавува во својство на тужена страна*

| Реден број | Број на судски предмети / постапки | Основ | Вредност во 000 денари |
|---|---|---|---|
| 1. | 10 | Надомест на штета | 3.366.056 |
| 2. | 2 | Утврдување право на сопственост | 50 |
| 3. | 7 | Долг | 22.008 |
| 4. | 2 | Поништување на договор | 1.622 |
| 5. | 3 | Исполнување на договор/ решение | 10.050 |
| 6. | 5 | Неисплатена камата | 54.901 |
| 7. | 3 | Стекнување без основ | 2.431 |
| 8. | 1 | Поврат на ствар | 1.000 |
| 9. | 1 | Пренос на станарско право | 10 |
| 10. | 1 | Спречување на владение | 40 |
| 11. | 19 | Надомест на штета, поништување на договор, управен спор, вонпроцесна постапка | Нема проценета вредност |

*Судски предмети во кои МТВ се јавува во својство на тужител*

| Реден број | Број на судски предмети / постапки | Основ | Вредност во 000 денари |
|---|---|---|---|
| 1. | 3 | Долг | 45.263 |
| 2. | 2 | Ништовност на договор | 80 |
| 3. | 1 | Предавање на опрема | 1.800 |
| 4. | 1 | Неосновано збогатување | 500 |
| 5. | 14 | Утврдување ништовност на договор, долг, предавање на опрема | Нема проценета вредност |

Поради тоа што станува збор за активни судски постапки кои се водат пред надлежните судови, до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат.

**7.2.** Во 2010 година, МТВ користело електронска аукција за 8 отворени постапки во последната фаза од доделувањето на договорот за јавна набавка на стоки/услуги и притоа, договорите ги доделило на економските оператори, кои понудиле најниска цена во текот на негативното наддавање.

Ревизијата утврди дека во постапките во кои договорниот орган спроведувал електронска аукција, не утврдил воедначени критериуми за одредување на минималните и максималните разлики во понудените цени, односно за интервалот во кој ќе се спроведува негативното (чекорно) наддавање. За различни постапки и при различни почетни цени како основа за негативното наддавање, МТВ утврдува различни проценти од почетната цена како распони во наддавањето, од причина што Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем на јавни набавки не ги пропишува/ утврдува критериумите за висината на минималната и максималната разлика во цените кои се дозволени во процесот на негативно наддавање.

Ревизијата го смета наведеното за прашање на континуитет, со оглед дека од 1 јануари 2012 година договорните органи се должни да користат електронска аукција во 100% од бројот на објавени огласи со цел да се поттикне конкуренцијата помеѓу операторите и да се постигне дополнително намалување на првично понудените цени. При неутврдени, невоедначени критериуми за минимални разлики, постои можност понудувачите само незначително да ја снижат цената, особено кога нема конкуренција во негативното наддавање. Од друга страна, изразувањето на максималната разлика како низок процент од првично понудената цена може да го дестимулира подобрувањето на цената.

| | | |
|---|---|---|
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ** | | |
| | | |
| **СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ - 637** | | |
| | | |
| **БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година** | | |
| | | **во 000 денари** |
| | **2010** | **2009** |
| **Опис на позицијата** | | |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 1,209,647 | 1,215,137 |
| **Вкупно приходи** | **1,209,647** | **1,215,137** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 106,431 | 101,388 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3,015 | 1,930 |
| Стоки и услуги | 174,034 | 128,533 |
| Субвенции и трансфери | 68,491 | 92,338 |
| **Вкупно тековни расходи** | **351,971** | **324,189** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 857,676 | 890,948 |
| **Вкупно капитални расходи** | **857,676** | **890,948** |
| | | |

| МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | | | |
|---|---|---|---|
| СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ - 637 | | | |
| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | 2010 | | 2009 |
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Хартии од вредност | 18 | | 18 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4 | | 4 |
| Побарувања од вработените | 390 | | 529 |
| Активни временски разграничувања | 105,873 | | 38,522 |
| Залихи | 1,099 | | 58 |
| **Вкупно тековни средства** | **107,384** | | **39,131** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 5,775 | | 0 |
| Материјални средства | 520,376 | | 235,435 |
| Материјални средства во подготовка | 283,032 | | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **809,183** | | **235,435** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | **916,567** | | **274,566** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 18 | | 18 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 95,120 | | 29,810 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4 | | 4 |
| Краткорочни финансиски обврски | 221 | | 157 |
| Обврски спрема државата и други институции | 3 | | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 10,529 | | 8,555 |
| Пасивни временски разграничувања | 285,532 | | 529 |
| **Вкупно тековни обврски** | **391,427** | | **39,073** |
| **Долгорочни обврски** | **0** | | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 525,140 | | 235,493 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **525,140** | | **235,493** |
| **Вкупна пасива** | **916,567** | | **274,566** |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ - 637

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2010 година** | 235,435 | 58 | 235,493 |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | 298,222 | 4,300 | 302,522 |
| Набавки | 8,361 | 4,300 | 12,661 |
| Ревалоризација на капитални средства | 1,789 | - | 1,789 |
| Вишок констатиран со попис | 1,130 | - | 1,130 |
| Корекции спроведени од страна на ревизијата | 286,942 | - | 286,942 |
| **Намалување по основ на:** | 9,616 | 3,259 | 12,875 |
| Отпис на капитални средства | | - | - |
| Амортизација | 7,354 | - | 7,354 |
| Намалување | | 3,259 | |
| Отстапување без надомест | 1,941 | | |
| Кусок констатиран со попис | 321 | | |
| **Состојба 31.12.2010 година** | 524,041 | 1,099 | 525,140 |

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

[redacted]

Министерство за
транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

**I. Забелешки на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за транспорт и врски Сметка на основен буџет–637 2011 003 10 01, бр.18-131/5, од 10.10.2011 година**

**Резиме**

Сметаме дека **мислењето изразено во четвтиот пасус треба да се промени** и тоа за реалноста и објективноста на билансот на состојба да се изрази позитивно мислење со резерва за билансните позиции на обврските, мислење без резерва за резултатот од финансиските активности, додека за усогласеноста со релевантната регулатива да се изрази позитивно мислење без резерва.
Сметаме дека вака изразеното мислење ќе произлезе од прифаќањето на нашите забелешки и укажувања по поединечни наоди презентирани во овој допис, а пред се поради фактот дека констатираните наоди во билансот на состојба се однесуваат на целосноста и точноста на искажаните обврски кон добавувачи, а не на сите билансни позиции.
Исто така, наодите од точка 4.2. од кои произлегува мислењето со резерва за усогласеноста со релевантната регулатива сметаме дека не претставуваат неусогласеност со законската регулатива поради образложенијата дадени во овој допи и согласно тоа мислењето треба да биде позитивно.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година-спроведување на препораките**

Во врска со статусот на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2007 година, како што е констатирано, Министерството за транспорт и врски од вкупно 13 препораки, целосно постапи по девет од препораките, две од препораките беа неспроведливи, од причини констатирани во Табелата за резултатите од извршената ревизја, додека две од препораките се делумно спроведени, и тоа:
- Да се изврши попис и извори на средства согласно законските прописи, евидентирање во сметководствена евиденција на донираните средства со кои располага Министерството, како и намалување на вредноста на материјалните средства согласно донесените одлуки за пренос на сопственост.
Во однос на препораката е констатирано дека Министерството истата делумно ја спровела и тоа во делот на евидентирање на основните средства набавени или примени како донација во минати години со вредност од 1 денар, без за истите комисиски да ја процени нивната употребна вредност.

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

[redacted]

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Со цел целосно спроведување на препораката, Министерството за транспорт и врски испрати допис бр.05-14455/1 од 27.10.2011 година, до СОЗР, која согласно закон го води сметководството на Министерството, веднаш да пристапи кон отстранување на неправилностите во најкраток можен рок.
Министерството за транспорт и врски испрати ургенција до СОЗР со која бара повратно да биде известено за постапувањата по претходниот допис.

**П Р И Л О Г бр.1:**
- Допис до Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Македонија, бр.05-14455/1 од 27.10.2011 година
- Ургенција до СОЗР бр. бр.05-14455/2 од 09.11.2011 година
- Одговорните лица за финансии и сметководство да воведат ажурна и точна евиденција на побарувањата од вработените во деловните книги.

Во однос на препораката е констатирано дека Министерството истата делумно ја спровела односно, воспоставена е аналитичка евиденција на побарувањата од вработените , но со пописот на побарувањата за 2010 година истите не биле предмет на усогласување.
Со пописот за 2011 година, Министерството за транспорт и врски ќе постапи по укажувањата и препораките, меѓу другото ќе изврши усогласување на побарувањата од вработените.

**4. Наоди и препораки**
**4.1. Финансиски извештаи**
**Биланс на приходи и расходи**

**4.1.1.** Во однос на констатираната системска слабост во точка 6.1. од Нацрт извештајот, а поврзана со постапката за јавна набавка на новопроизведени еднoподни автобуси, односно евалуација на пропишана царинска стапка од 1% на увоз од земјата на најповолно избраниот понудувач, Министерството при евалуацијата, почитувајќи ги законските одредби, ги зема во предвид сите елементи влучени во цената на еден призвод, а царината претставува елемент на цена, и истата влијае на цената на понудата, а со самото тоа претставува и трошок за кој, во конкретниот случај се исплаќаат буџетски средства.

Министерството начелно се согласува со констатираното во Нацрт извештајот дека е потребно допрецизирање на делот поврзан со царинските давачки во постојниот Закон за јавни набавки, а притоа да се земе во предвид и мислењето на Бирото за јавни набавки за оваа тема.

**4.1.2.** Во однос на решенијата за преземање на работите од надлежност на овластениот градежен инспекторат при ЕЛС за пет предмети.

Во текот на 2007 година се одземени надлежности од две општини во Град Скопје, односно општина Кисела Вода и општина Центар. Во тој период се вршело административно извршување на решенија за отстранување на бесправно изградени објекти за што биле потрошени средства од буџетот на Министерството за транспорт и врски. Средствата кои се потрошени за извршување на превземените надлежности во општина Кисела Вода се наплатени, односно општината самата извршила уплата на средствата, додека за средствата потрошени за извршување на територија на општина Центар се води судски спор. Во текот на 2009 година се превземени надлежности за извршување на управни акти од повеќе општини и за таа цел се користени средства од буџетот на Министерството. Направен е обид за наплата на средствата преку Министерство за финансии на РМ, но од нивна страна со допис бр.08-10484/2 од 22.04.2009 е одговорено дека нема законски основ за поведување на постапка за одземање на средства од буџет на општините. Од таа причина се поведени поединечни постапки за наплата на средствата од секој извршеник за управните постапки кои биле водени од градежните инспектори, а исто така и за управни постапки за кој била одземена надлежноста. Наплатата на средствата се врши преку секторот за глоби во Управата за јавни приходи и веќе почнаа да пристигнуваат известувања за наплатени средства

Со последните измени на Законот за градење („Сл.Весник на РМ" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011 и 54/2011) е појасно дефиниран начинот и постапката за наплата на средствата при одземени надлежности, па од таа причина беа исконтактирани Министерството за финансии и Управата за јавни приходи и беа одржани состаноци, а од Министерството за финансии е добиено и е мислење бр.07-33755/1 од 19.10.2011 година со кое се дефинира начинот на наплата на средствата. Од претходно споменатото е утврдено дека во иднина наплатата на средствата ќе се врши преку достава на целокупната документација за потрошени средства од буџетот на РМ, а кои се однесуваат на извршување на актите произлезени од преземената надлежност, а Министерството за финасии ќе ги симне средствата од сметката на општината.

На 04.11.2011 одржан е уште еден состанок со Управата за јавни приходи и Министерството за финансии каде е разговарано за начинот на наплата на средства од општината. Во прилог доставуваме службена белешка од одржаниот состанок.

Во прилог доставуваме и решение за одземање на надлежности на општина Чаир каде се вградени забелешките од ревизијата согласно насоките на министерството за финансии.

**П Р И Л О Г бр.2:**

- Мислење од Министерството за финансии, бр.07-33755/1 од 19.10.2011 година
- Барања, до Управата за јавни приходи и Министерството за финансии, бр. 39-669 од 26.10.2011 година,
- Одговор од Управата за јавни приходи, бр. 39-669 од 01.11.2011
- Службена белешка од одржан состанок 39-сл од 05.11.2011
- Решение за одземање ингеренции бр. 44-2238/2 од 25.10.2011
- Известување за наплатени средства од УЈП бр.08-31512/2 од 10.10.2011

**4.1.3.** Искажани се наоди за неуверување во целосноста и точноста на искажаните обврски, наведени во точките 1,3 и 4, односно неискажување на обврски во износ од 164.247 илјади денари за програмски активности реализирани во 2009 година а платени во 2010 година, за евидентирање на обврски во износ на обезбедените (расположивите) средства во моментот на плаќањето, а не врз основа на вкупниот износ на сметководствените документи и фактури, како и за извршено неправилно сметководствено евидентирање на цесиите за капиталните дотации до ЕЛС кои се евидентирале во сметководството на обврски само кон изведувачот а не и кон ЕЛС.

Пред се, сакаме да потенцираме дека сите обврски се прикажани сметководствено, меѓутоа спорен е моментот на признавање на настанувањето и евидентирање на обврската, **што е резултат на усвоената сметководствена политика за евидентирање на обврските. Во изминатиот период, сметководството имаше пракса да ги евидентира обврските во моментот на нивната исплата**. **Од 2010 година започна постепено промена во сметководствената политика на евидентирање на обврските и истите постепено почнаа да се евидентираат во моментот на примање на финансиските документи. Со усвојувањето на последната процедура за управување со финансиски документи (бр.05-8964/1 од 14.07.2011) во целост се применува сметководствената политика на евидентирање на обввbooрските во моментот на нивното признавање. Со оглед дека сметководството во министерството го води Службата за општи и заеднички работи (СОЗР) сметаме дека со препораката треба да се задолжи и СОЗР за преземање на соодветни корективни дејствија.**

Исто така, треба да се истакне дека Министерството за транспорт и врски преку евиденцијата која ја има воспоставено во своја надлежност, ги буџетирало

[redacted]



обврските чиј термин на доспевање и исплата биле планирани за 2010 и со тоа постапило совесно и законито во делот на на точно, вистинито и сеопфатно планирање на обврските во претстојниот период.
Сепак во врска со горенаведените наоди, Министерството за транспорт и врски превзеде активности за отстранување на овие неправилности во доменот на своите надлежности. Во согласност со новата Процедура за управување со финансиски документи бр.05-8964/1 од 14.07.2011 година, пред секоја исплата прво се врши евидентирање на вкупниот износ на фактурите во сметководството на обврски при што сметководството изговтува финансиска картичка па потоа се изготвува финансов документ за исплата на фактурите со што се избегнува исплата на некоја фактура или ситуација без обврската да биде во целост евидентирана во книговодството.
По однос на неправилно сметководствено евидентирање на цесиите за капиталните дотации до ЕЛС евидентирани во сметководството на обврски само кон изведувачот а не и кон ЕЛС, Министерството за транспорт и врски превзеде активност за отстранување на оваа активност со изготувување на Упатство за сметководствено евидентирање на обврските за плаќања кон Единиците на локалната самоуправа и изведувачите на работите бр.05-14098/1 од 25.10.2011 година, со кое што му се наложува на сметководството да врши евидентирање на обврските за исплата на капитални дотации до ЕЛС по пат на пресметка (цесија) и кон ЕЛС и кон изведувачите на работите.
По однос на неевидентираните обврски пренесени од 2009 година во 2010 година, Министерството за транспорт и врски достави допис до СОЗР (која согласно закон го води сметководството), бр.05-14455/1 од 27.10.2011 година, веднаш да пристапи кон соодветно евидентирање на обврските во најкраток можен рок, со цел да се обезбеди целосно евидентирање на превземените обврски и нивно усогласување со книгата на влезни фактури, затоа што нецелосното прикажување на обврските во билансот на состојба влијае на правилното извршување на пописот на обврските кој се врши според сметководствената состојба.

**П Р И Л О Г бр.3:**

- Упатство за сметководствено евидентирање на обврските за плаќање кон Единиците на локалната самоуправа и изведувачите на работите, бр. 05-14098/1 од 25.10.2011 година.
- Налог бр.050094 од 12.09.2011,
- Финансиска картичка конто 19838, 4881930-други капит.дот.-убанизам
- финансиска картичка 22001-Добавуавачи-цесии, за партнер 2204
- финансиска картичка 22000-Добавувачи во земјата, партнер 1286 - налог бр 000098 од 29.09.2011 година

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Министерство за
транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

- Спецификација бр.149 од 12.09.2011 година од Секторот за финансиски прашања – сметка на основен буџет 13001002566З718, со прилог чек листа, допис од Секторот задаложен за следење на проектот, I времена ситуација бр. 071/392 од 10.08.2011 година.
- Извод на промет и состојба на сметка 130010025663718, број 98 од 29.09.2011 година, со прилог комплетна исплатна документација (Договор за цесија, спецификација на налози, чек листа, допис од секторот задолжен за проектот, финансиска картичка, I времена ситуација од добавувач, Договор за изведба, Понуда, Вкупен предмер со пресметка, Договор за вршење надзор, Овластување за надзор над изведување на градби, лиценца за надзор, Решение за одредување надзорен орган, Извештај),
- Процедура за управување со финансиски документи во Министерство за транспорт и врски со архивски број 05-8964/1 од 14.07.2011година,
- Комплетна исплатна документација (Спецификација на налози по налог 99/237 од 30.09.2011 година, Образец за преземена обврска –О1 (број на обврска 1100666179), листа на проверка на исплатна документација од страна на Секторот за финансиски прашања (ex ante контрола), Барање за исплата од Секторот за станбено-комунални работи и инфраструктура бр.26-6929/1 од 27.09.2011 година, Листа на проверка на потребни документи од Секторот за станбено-комунални работи, Договор за набавка на услуги бр.46-21/22 од 09.07.2010 година),
- Изјава, бр. 25.10.2011, и
- Барање до СОЗР за поведување дисциплинска одговорност бр.05-14949/1 од 09.11.2011
- Налог бр.000081 од 17.10.2011

**4.1.4**. Констатирано е дека при спроведувањето на пописот за 2010 година, се користени неточни сметководствени вредности на обврските, во пописот не се опфатени сите обврски кон добавувачите во земјата и странство и дека во книгата на капиталниот имот се внесени дотогаш неевидентирани основни средства во вредност од еден денар, набавени или донирани во минати години, без притоа да се процени нивната сегашна употребна вредност.

Министерството за транспорт и врски со пописот за 2011 година, кој што ќе се спроведе во наредниот период, со Решението децидно ќе се наложи на пописните комисии да ги опфатат сите обврски евидентирани во сметководството, да ја утврдат правната основа на нивното постоење, да предложат мерки за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минатите години од лицата кои не се раздолжиле по истите, како и да извршат проценка на употребната вредност на основните средства со вредност од еден денар и

истата да се прокниижи во сметководствената евиденција. Сепак на оваа активност мора да и претходи соодветно постапување и од страна на СОЗР по доставениот допис бр.05-14455/1 од 27.10.2011 година со цел да им се овозможи на пописните комисии точна и целосна евиденција со која треба да извршат усогласување.

### 4.2. Користење на средства согласно Законот за јавни набавки

**Надзор за начинот на вршење концесиска дејност**

**4.2.1** Во Нацрт извештајот, за постапката за склучување на повеќегодишен договор за јавна набавка на консултантски услуги за надзор на начинот на вршење на концесиската дејност за договорот за концесија за развој финансирање, користење и одржување на Аеродромот „Александар Велики" – Скопје и Аеродромот „Св. Апостол Павле" – Охрид, како и изградба на нов карго – аеродром во Штип, е констатирано дека Министерството не обезбедило прецизни и јасни образовни и професионални квалификации, кои стручниот кадар на економскиот оператор (и особено лицата кои ќе бидат одговорни за давањето на конкретната услуга), треба да ги исполнат. Исто така, наведено е дека Министерството не дефинирало што се подразбира под „искуство на исти или слични проекти", што било причина од 10 доставени понуди на повикот, понудите на 7 економски оператори да бидат отвфрлени како неприфатливи, поради неисполнување на минимални услови, што придонело за намалување на конкуренцијата во фазата на евалуација на понудите и што не е во согласност со еден од главните постулати на ЗЈН да се обезбеди конкуренција меѓу економските оператори.

Имајќи ја во предвид ваквата констатација сметаме дека истата **треба да се избрише** од следниве причини:

Во однос на констатацијата на ревизијата дека тенедерската документација содржи нејасни критериуми за докажување на способноста на економските оператори, треба да се има во предвид дека Законот за јавните набавки предвидува механизам за заштита на правата на економските оператори, па доколку истите сметале дека критериумите за утврдување на способност што се бараат во тендерската документација се нејасни и дискриминаторски, односно ја попречуваат вистинската конкуренција, ќе побарале или измени на тендерската документација или ќе се жалеле на исклучувањето од постапката. Ова од причина што економските оператори најдобро ја познаваат состојбата на конкретниот пазар и имаат интерес да ја заштитат законитоста на постапката преку штитење на сопствените интереси.

Покрај тоа што е обезбедено задоволително ниво на конкуренција, со водењето на оваа постапка особено се обезбедени и запазени еднаквиот третман и недискриминација на економските оператори, транспарентноста и интегритетот во процесот на доделување на договорот, како и рационално и ефикасно искористување на средствата.

Во однос на констатацијата дека од 10 доставени понуди на економски оператори, 7 се отфрлени како неприфатливи и со тоа е намелена конкуренцијата во постапката, сметаме дека согласно член 137 став 1 од Законот за јавни набавки, комисијата ќе пристапи кон јавно отворање на понудите дколку е пристигната и само една понуда. Од оваа законска одредба произлегува дека, отворената постапка може да продолжи и успешно да заврши со избор на најповолна понуда и во случаи кога е доставена само една понуда, односно ако во процесот на евалуација остане само една прифатлива понуда.

**Во прилог на ова се и мислењето добиено од Бирото за јавни набавки број 02-14159/2 од 02.11.2011 година во кое се укажува на механизмите во Законот за јавни набавки за заштита на правата на економските оператори преку правната заштита против одлуките на органот, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија (член 216, став 2, алинеја 2 од законот), како и тоа дека Бирото не може да ја оцени оправданоста и соодветноста на поставените критериуми бидејќи не располага со стручен кадар од областа на воздухопловството и управувањето со аеродроми, а операторите имале законска можност да приговараат доколку ценеле дека истите се несодветни, како и тоа дека од аспект на задоволување на конкуренцијата член 137 став 1 предвидува комисијата да пристапи кон јавно отварање на понудите доколку е пристигната и една понуда и законското право на секој понудувач да поднесе жалба доколку оцени дека неговата способност е неправилно оценета и мислењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата број 02-14160/2 од 02.11.2011 во кое се кажува дека „..зависно од предметот на набавката и состојбите на релевантниот пазар на кој се врши набавката во одредени случаи, тројца економски оператори значи обезбедување слободна и ефикасна конкуренција меѓу економските оператори.“, како и дека „Ова е случај кога договорниот орган постапката за јавна набавка ја спроведува транспарентно и овозможува еднаков третман и недискриминација на економските оператори и при утврдувањето на критериумите за докажување на економската, финансиската, професионалната или техничката способност на економскиот оператор, истите ги утврдил на ниво кое соодветствува со реалните потреби на договорниот орган за предметната набавкапри што овозможил доставување на понуди од поголем број на економски оператори.“.**

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

[redacted]

Министерство за
транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

Сметаме дека Министерството за транспорт и врски утврдило разумно прецизни и јасни образовни и професионални квалификации согласно кои се оценувале понудените експертски тимови. Исто така сметаме дека во тендерската документација е јасно што се подразбира под исти или слични проекти т.е. под исти или слични проекти (точка 1.3 – предмет на јавната набавка и точка 3.6 – минимум критериуми за оценка на способноста на економскиот оператор од Тендерската документација) се подразбира искуство на проекти кои:

- Претставуваат концесии или друг вид на јавно приватно партнерство,
- Се однесуваат на изградба и оперирање (развој и трансформација) на аеродроми,
- Се однесуваат на меѓународни аеродроми со повеќе од 800.000 патници на годишно ниво.

Доколку работното искуство наведено во биографиите на предложените експерти не се однесувало на проекти кои ги имаат сите три погоре цитирани карактеристики, комисијата смета дека немаат соодветно работно искуство и експертиза.

За координаторот на тимот, експертот за правни работи, експертот за градежен инженеринг и експертот за аеродромско планирање, покрај работното искуство на исти или слични проекти релевантно е и работното искуство во последните 10 години (од 2000-2010 година) на соодветен број на успешно реализирани договори за развој и трансформација на аеродроми со најмалку 800.000 патника на годишно ниво.

Кај сите понудувачи кои не се квалификувале во втората фаза има најмалку 2 неприфатливи членови на тимот, односно ниту еден понудувач не се смета за неквалификуван само поради еден несоодветен предложен експерт.

Конкуренцијата не е намалена, бидејќи под еднакви и јавно објавени критериуми им се овозможило на сите заинтересирани страни да учествуваат на повикот. Евалуацијата била еднаква за сите заинтересиани понудувачи. Ниту еден од понудувачите кои биле отфрлени во фазата на утврдување на техничката способност не поднел жалба. Треба да се има предвид специфичноста на предметот на набавка т.е. на глобално ниво колку компании имаат експертиза во обезбедување надзор над концесиски договори за изградба и управување со меѓународни аеродроми со над 800.000 патници на годишно ниво. На тој пазар, поднесувањето на 3 финансиски понуди од квалификувани понудувачи претставува обезбедена конкуренција.

Исто така сметаме дека последниот пасос од наодот е ирелевантен и треба да се избрише со оглед дека станува збор за потполно друга постапка за набавка за сосема поинаков вид на услуга.

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

[redacted]

Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

**ПРИЛОГ бр. 4:**

- Барање за мислење до Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 02-14160/1 од 26.10.2011 година,
- Одговор од Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 02-14160/2 од 02.11.2011 година
- Барање за мислење до Бирото за јавни набавки, бр. 02-14159/1 од 26.10.2011 година,
- Одговор од Бирото за јавни набавки, бр. 02-14159/2 од 02.11.2011 година

**Наслови од реномирани автори**

**4.2.2**. Во однос на наодот за значителни пречекорувања на преземените обврски во однос на времето на испораката укажуваме дека:

Носителот на набавката, со кој е склучен договорот за набавка на првите три книги, со одредено задоцнување ги доставил двата наслови што претставува реализација на поголемиот дел од набавката, а во позначително задоцнување паднал за околу 11% од вредноста на договорот.

Носителот на набавката согласно договорот имал рок од 2 месеци од денот на склучување на договорот да склучи и до министерството да достави договор за обезбедени авторски права што претставувало услов за реализација на договорот.

Укажуваме дека постапката по јавна набавка до потпишување на договор се води согласно Законот за јавните набавки, а потоа важат одредбите од Законот за облигациони односи.

Сакаме да напоменеме дека, рокот за испорака како критериум за доделување на договорот **носел 20 бода,** додека **цената е вреднувана со 80 бода.**

Во врска со наодот дека во нерамноправна положба се доведени понудувачите кои понудиле реалистични (разумни) рокови, а не биле избрани за најповолни, укажуваме дека при евалуацијата на понудите сите понуди се еднакво вреднувани и никој не бил доведен во нерамноправна положба.

Укажуваме дека при реализацијата на набавката се водеше сметка особено за целта на договорот, начелото на чесност во прометот и добрите деловни обичаи.

Целта на овој договор пред се беше да се добијат книги-учебници кои ќе бидат преведени, лекторирани, стручно обработени и испечатени со висок квалитет, а доставените книги целосно ги задоволуваат условите.

Исто така, во врска со јавната на набавка на книги-учебници од странски автори број 38/2009 година, Министерството за транспорт и врски на ден 12.09.2011 поднесе предлог за покренување дисциплинска постапка против државен службеник во согласност со Законот за државните службеници и Правилникот за начинот на водењето на дисциплинската постапка за утврдување на

дисциплински престап, поради непочитување на обврските од склучените договори по предметната јавна набавска во делот на роковите за испорака и предвидените заштитни механизми кои биле предвидени во случај на задоцнување со испораката од страна на Вршителот на услугата.

Во конкретниот случај Комисијата за водење на дисциплинската постапка констатирала повреда на службената должност на 14.09.2009 и на 07.12.2009, меѓутоа со оглед на фактот што настапила застареност за преземање на било какови активности, во согласност со член 71-б од Законот за државните службеници поднесе предлог за запирање на постапката, при што беше донесено и соодветно решение.

Имајќи ја во предвид вака утврдената фактичка состојба, Министерството за транспорт и врски се обрати со барање за мислење до Министерството за информатичко општество во однос на конкретните рокови за застареност кои ги предвидува Законот за државните службеници како и во однос на тоа дали евентуално може да се покрене дисциплинска постапка врз основа на друг правен основ.

**П Р И Л О Г бр. 5:**

- Предлог за запирање на постапката за дисциплински престап бр.04-11344/1 од 12.09.2011

-Решение за запирање на постапка 04-11344/2 од 06.10.2011

-Барање за мислење до МИОА бр02-14619/1 од 04.11.2011

**Користење на услуги на подизведувачи**

**4.2.3.** Констатирано е дека во текот на 2009 и 2010 година, Министерството спровело отворени постапки за јавна набавка на : 1) услуга за изработка на студија за сообраќаен систем на Град Скопје со идејни проекти и 2) услуга за подготовка на основна техничка документација за кабинска еднојажна жичарница за превоз на лица со кружен тек на траса Скопје – Водно во три секции и изградба и пробно пуштање во употреба до издавање на употребна дозвола на секција Средно Водно – Милениумски крст, а во тендерските документации за предметните набавки, договорниот орган побарал понудувачите да го наведат делот од договорот кој ќе го отстапат за извршување на подизведувачи. Понатаму е наведено, со оглед дека понудувачите докажале дел од техничката и професионалната способност преку повикување на поддршка од други субјекти, согласно член 154 став 2 од Законот за јавните набавки, истите требало да доставaт валиден доказ дека подизведувачите им ги ставаат на располагање соодветните технички и професионални ресурси, а наместо изјави од подизведувачите дека им ги ставаат на располагање ресурсите, понудувачите доставиле само информација за капацитетите на подизведувачите. На крајот се констатира дека

спроведувањето на постапките за јавни набавки без валиден доказ од подизведувачите дека ќе обезбедат поддршка може да го доведе во прашање квалитетното извршување на договорот за јавни набавки, иако одговорноста за извршување на јавната набавка целосно паѓа на понудувачот.

Имајќи ја во предвид ваквата констатација сметаме дека истата **треба да се избрише** од следниве причини:

Во тендерската документација за предметните набавки беше побарано од економските оператори да го наведат делот од договорот за јавна набавка, кој ќе го отстапат на извршување на поддизведувачи, а во согласност со член 45 од Законот за јавните набавки во кој јасно е дефинирано дека „Договорниот орган во тендерската документација за предметната набавка од понудувачите може да бара во нивните понуди да го наведат делот од договорот за јавна набавка кој ќе го отстапат за извршување на подизведувачите.

(2) Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавната набавка, без оглед на бројот на подизведувачите."

Исто така, економските оператори при поднесување на понудата учествувале самостојно, односно својата техничка и професионална способност ја докажале преку сопствена документација, а не преку поддршка од друг субјект во смисла на член 154 став 2 од Законот за јавните набавки, кој дефинира:

„Ако економскиот оператор ја докажува својата техничка или професионална способност повикувајќи се на поддршката од друг субјект согласно со ставот (1) на овој член, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање на економскиот оператор соодветните технички и професионални ресурси. Против субјектот кој ја обезбедува техничката или професионалната поддршка не смее да е изречена правосилна пресуда за учество во криминална организација, корупција, измама или за перење на пари."

Во конкретните случаи, економските оператори не се повикуваат на поддршка од друг субјект и не доставиле документација преку која ќе ја црпат својата техничка и професилна способност од поддизведувачите. Исто така, погрешна е констатацијата со која се поистоветуваат член 45 и член 154 став 2 од Законот за јавните набавки, бидејќи со тие членови се опфатени две различни ситуации. Имено, со член 45 е опфатена ситуација која овозможува понудувачот, кој самостојно ги исполнува сите барања предвидени согласно тендерската документација, за конкретен дел од договорот да ангажира подизведувач кој не е обврзан да доставува доказ за утврдување на способноста, додека во поглед на техничката и финансиската поддршка, согласно член 154, субјектот кој ја дава поддршката единствено е вклучен во обезбедувањето на потребни технички и професионални ресурси кои му се

потребни на понудувачот за да го реализира договорот и со тоа истиот не врши испорака на дел од потребните стоки, не обезбедува дел од услугите и не изведува дел од работите предвидени со договорот, односно нема никакви обврски кон договорниот орган. Во оваа насока е и мислењето на Бирото за јавни набавки број 02-14161/2 од 02.11.2011 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното сметаме дека препораките дадени во однос на спроведените постапки за доделување на конкретните јавни набавки што биле предмет на ревизија треба да бидат избришани. Исто така, сметаме дека во точка 5. Ревизорско мислење, дел Мислење за усогласеност со законите и прописите", реченицата „...**освен за ефектите на прашањата изнесени во точка 4.2.....“ треба да се избришат,** бидејќи од таа констатација произлегува дека постапките за доделување на договори за јавни набавки се спроведувани спротивно не Законот за јавни набавки, а пред се поради овие констатации е изразено мислење со резерва во однос на усогласеноста со законската регулатива..

**П Р И Л О Г бр. 6:**
- Барање за мислење до Бирото за јавни набавки бр. 02-14161/1 од 26.10.2011 година, и
- Мислење од Бирото за јавни набавки бр. 02-14161/2 од 02.11.2011 година

**7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**
**7.2.** Во Нацрт извештајот констатирано е дека Министерството како договорен орган при спроведување на електронска аукција, не утврдило вооедначени критериуми за одредување на миималните и максималните разлики во понудените цени, односно интервалот во кој ќе се спроведува негативно (чекорно) наддавање...".

Имајќи ја во предвид ваквата констатација сметаме дека истата **треба да се избрише од причини што ниту Законот за јавни набавки, ниту Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем на јавни набавки не ги утврдува критериумите за висината на минималната и максималната разлика во цените кои се дозволени при спроведување на електронска аукција**, како што е и констатирано во Нацрт извештајот. Во оваа насока значајно е да се истакне дека Министерството за транспорт и врски при доделување на договорите за јавни набавки кои што завршуваат со спроведување на електронска аукција, во недостиг на прецизна законска регулатива, доследно ги спроведува препораките на Бирото за јавни набавки и го користи Прирачникот за начинот на користење на електронскиот систем за

јавни набавки за договорни органи, објавен на web – сајтот на Бирото за јавни набавки, во кој е дефинирано дека **„Препорачливо е минималната разлика во понудени цени да изнесува од 0,1% до 1% од почетната цена на аукцијата“**, додека, **„Препорачливо е максималната разлика во понудени цени да изнесува до 10% од највиспката цена од сите првично поднесени цени или од просечната цена од сите првично поднесени цени.**

**Прилог бр.3**

**ОДГОВОР**
**на забелешки од Министерството за транспорт и врски по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Министерството за транспорт и врски (во понатамошниот текст МТВ), на ден 11.11.2011 година достави Забелешки под архивски број 02-13398 од 10.11.2011 година на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година за **сметката на основен буџет - 637**, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-131/9 од 11.11.2011 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува :

1. Со забелешките, субјектот достави коментар на освртот на ревизијата од претходни години, односно на статусот на две делумно спроведени препораки.
   Постапувајќи по препораката во однос на точка 11.2.3. презентирана во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2007 година, субјектот извршил евидентирање на основни средства набавени / примени како донација во минати години со вредност од еден денар, без комисиски да ја процени нивната употребна вредност. Субјектот со цел сеопфатно спроведување на препораката во законски утврдениот рок за доставување на забелешки испратил допис до Службата за општи и заеднички работи, одговорна за сметководствено – финансиските работи во министерството, со цел преземање на активности за утврдување на употребната вредност на евидентираните средства.
   Исто така, субјектот постапувајќи по препораката од точка 11.2.6. презентирана во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2007 година, воспоставил аналитичка евиденција на побарувањата од вработените за издадени кредитни картички по лица, но со пописот на побарувањата за 2010 година истите не биле предмет на усогласување со фактичката состојба. Со цел доследно спроведување на препораката од 2007 година, министерството со забелешките укажува дека со претстојниот попис за 2011 година ќе изврши усогласување на побарувањата од вработените.
   Со оглед дека забелешките се укажувања за активностите кои субјектот ќе ги преземе во претстојниот период, статусот на препораките во освртот на ревизијата од претходните години останува непроменет.

2. **Наодот од точката 4.1.2.** се однесува на неизвршување на актите на трошок на Буџетот на општината, во случаите кога градежниот инспектор при

Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво (ДУИГ) врши преземање на работите од овластениот градежен инспектор при ЕЛС.
Со Забелешката по наведениот наод, субјектот не ја побива констатацијата на ревизијата, туку **известува** дека се прават интензивни напори за надминување на состојбата. Во тој контекст, остварени се координативни средби со претставници на Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и на ДУИГ, со цел правилно надоместување на направените трошоци за извршување на решенијата, во случај кога министерот за транспорт и врски носи решенија за преземање на работите од надлежност на овластениот градежен инспектор при ЕЛС.

3. **Забелешката на Наодот во точката 4.1.3.,** кој се однесува на неуверување на ревизорот во целосноста и точноста на искажаните обврски со состојба 1.01.2010 година и 31.12.2010 година во Билансот на состојба, **не се прифаќа** односно истата претставува известување за постапување по препораката на наодот. Со забелешката, субјектот ги наведува активностите кои ги превзел, со цел во иднина да се воспостави конзистентен сметководствен систем, поради точно, вистинито, сеопфатно и ажурно искажување на состојбата на обврските во билансот на состојбата, преку донесување на: *Процедура за управување со финансиски документи* и *Упатство за сметководствено евидентирање на обврските за плаќање кон ЕЛС и изведувачите на работите.*
   Поради наведеното во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор се додава нов пасус кој гласи „ во рокот за доставување на забелешки, субјектот со цел воспоставување на конзистентен сметководствен систем превзел активности за точно, вистинито, сеопфатно и ажурно искажување на состојбата на обврските во билансот на состојба преку донесување на Процедура за управување со финансиски документи и Упатство за сметководствено евидентирање на обврските за плаќање кон ЕЛС и изведувачите на работите„.

4. **Забелешката на наодот во точката 4.1.4.** од Нацрт извештајот, кој се однесува на недоследности во спроведувањето на пописот на средствата, обврските и побарувањата за 2010 година **не се прифаќа**, бидејќи со забелешката субјектот укажува на активностите кои ќе ги преземе со претстојниот Попис за 2011 година, обезбедувајќи ги сите услови за правилно спроведување на истиот.

5. **Забелешката по наодот во точката 4.2.1.** од Нацрт извештајот кој се однесува на нејасно дефинирање на критериумите за докажување на техничката и професионалната способност (образовни и професионални квалификации, искуство на исти/ слични проекти), кои економските оператори требале да ги исполнат во постапката за јавна набавка на

консултантски услуги за надзор на начинот на вршење на концесиската дејност, **не се прифаќа**. Како образложение, одговорното лице на субјектот, повикувајќи на *Мислење на Бирото за јавни набавки,* наведува дека со постапката не биле нарушени принципите на еднаквост и недискриминација на економските оператори. Тоа се објаснува со фактот дека од страна на истите не се изјавени жалби во однос на податоците, дејствијата или пропуштањата за преземање дејствија поврзани со огласот, тендерската документација, утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

Ревизијата укажува дека во оваа постапка за јавна набавка спроведена од страна на МТВ, поради не јасно дефинирање на критериумите за докажување на способноста на економските оператори е намалена конкуренцијата во фазата на евалуација на понудите.

6. **Забелешката по наодот во точката 4.2.2.** од Нацрт извештајот, кој се однесува на реализација на договорот со една од издавачките куќи за превод и печатење на 3 наслови во рамките на постапката за доделување на договор за јавна набавка за превод на 4 книги-учебници на македонски јазик од странски автори, во тираж од 1000 примероци по наслов, **не се прифаќа**. Имено, ревизијата утврди пречекорување на преземените договорни обврски во однос на времето на испорака, кое било еден од критериумите за доделување на договор при реализацијата на договорот. Тоа ги довело во нерамноправна положба понудувачите кои понудиле реални рокови, а не биле избрани како најповолни. Забелешката на субјектот, во која наведува дека при спроведувањето на постапката се водело особено сметка за целта на договорот, начелото на чесност во прометот и добрите деловни обичаи, не ја побива констатацијата во наведениот наод.
7. **Наодот во точката 4.2.3.** се однесува на начинот на докажување на дел од техничката и професионалната способност во постапките за доделување на договор за јавна набавка за изработка на студија за сообраќајниот систем на Град Скопје со идејни проекти, како и за подготовка на основна техничка документација за кабинска еднојажна жичарница. Докажувањето се вршело преку известување за елементите на договорот, кои економските оператори имаат намера да ги отстапат на подизведувачите. Понудувачите доставиле само информација за капацитетите на подизведувачите, но не и изјави дека истите му ги ставаат на располагање расположливите ресурси на економскиот оператор.

   Забелешката на субјектот дека економските оператори ја докажувале својата техничка и професионална способност самостојно, а не повикувајќи се на поддршка од друг субјект, ревизијата **не ја прифаќа**. Имено, договорниот орган во тендерските документации за предметните набавки, побарал понудувачите да го наведат делот од договорот за јавна набавка, кој

ќе го отстапат за извршување на подизведувачи, кое е во согласност со член 45 од ЗЈН и член 153 точка 3 ал. 6. Со оглед дека понудувачите известиле за елементите од договорот, кои ќе им ги отстапат на подизведувачите, договорниот орган согласно член 154 став 2 требало да ја докаже поддршката со валиден доказ дека подизведувачите му ги ставаат на располагање соодветните технички и професионални ресурси на економскиот оператор.

8. **Наодот од точката 6.1.** се однесува на евалуација на понудите во постапката за јавна набавка на новопроизведени едноподни автобуси со царински давачки.
   Во забелешките, субјектот начелно **се согласува** со констатираната системска слабост и смета дека е оправдана потребата од прецизирање на делот поврзан со царинските давачки кој влијае на цената на понудата при увоз на стоки и услуги, во соработка со Бирото за јавни набавки.

9. **Нагласувањето на прашања за неизвесност или континуитет во точката 7.2.** се однесува на начинот на спроведување на електронските аукции во последната фаза од доделувањето на договор за јавна набавка. Забелешката на субјектот дека ниту со Законот за јавни набавки, ниту со Правилникот за начинот на користење на ЕСЈН не се утврдени критериуми за висината на минималната и максималната разлика во цените, кои се дозволени при спроведувањето на негативното наддавање, **не се прифаќа**, како образложение за користење на невоедначени критериуми. Ревизијата смета дека при непропишани воедначени критериуми за минимални разлики, постои можност понудувачите само незначително да ја снижат цената, особено кога нема конкуренција во негативното наддавање и кога се врши во краток временски интервал. Исто така, од друга страна изразувањето на максималната разлика како низок процент од првично понудената цена може да го дестимулира подобрувањето на цената.

---

Ревизорски тим

1.________________

2.________________ Овластен државен ревизор

3.________________ ____________________________